ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-167/9**

**Дата: 27.12.2010**

ДО

## ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ЦЕНТАР СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основно училиште „Гоце Делчев“-Центар, Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2009 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано евидентирање на преотстапена опрема од друг државен орган во износ од 3.743 илјади денари за која нема обезбедено потребна документација (договор за преотстапување на трајно користење) согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, како основ за евидентираната вредност во Билансот на состојба на ден 31 декември 2009 година и потврдување на сопственоста на опремата.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 07 до 09 заедно со ревизија на усогласеност на ОУ „Гоце Делчев“-Центар, Скопје - сметката на расходи на буџет на дотации, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2009, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ОУ „Гоце Делчев“-Центар Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Цвета Мишевска, директор од 18.03.2009 година, и пред тоа како ВД директор, од 18.01.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на на ОУ „Гоце Делчев“-Центар, Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот нема обезбедено веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи за потврдување на евидентирана опрема со материјално значаен

износ од 3.743 илјади денари. Поради прашањето изнесено погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.10.2010 година до 29.10.2010 година кај ОУ „Гоце Делчев“ Центар – Скопје од тим на Државниот завод за ревозија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 01.11.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-167/3 од 22.11.2010 година.

### 3.1 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на позицијата материјални средства од Билансот на состојбата поради следното:
ОУ „Гоце Делчев”- Центар Скопје има добиено опрема кон крајот на 2008 и во текот на 2009 година од Министерството за образование и наука (клупи и солчиња) и од Министерството за информатичко општество (компјутери), во рамки на проектот „Компјутер за секое дете”. Вредноста на добиената компјутерска опрема е утврдена од страна на министерството и изнесува 3.477 илјади денари со неформално писмено известување (без архивски печат и потпис) за цените на поодделните делови од опремата, додека за евидентираната вредност на клупите и столчињата во износ од 266 илјади денари не е обезбеден писмен документ за потврдување на евидентираната вредност. Ревизијата констатира дека давателот и примателот на опремата немаат потпишано договор помеѓу директорот на училиштето и министерствата кои ја отстапиле опремата согласно член 54 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и

Одлуката на Владата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на јавните средни училишта во РМ од 29.12.2008 година. Поради наведеното евидентираната опрема и мебел во деловните книги на училиштето во вкупен износ од 3.743 илјади денари не е заснована на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, согласно член 12 од Законот и член 7 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба може да има за ефект нереално прикажување на билансните позиции во Билансот на состојба на ден 31. декември 2009 година.

**Препорака**

ОУ „Гоце Делчев”- Центар Скопје да склучи договор со Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и да изготви извештај за преотстапената опрема заради утврдување на сопственоста и вредноста на истата.

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Поради изнесеното во точка 3.1.1. кое се однесува на евидентирана донирана опрема во износ од 3.743 илјади денари без обезбедени документи (извештај и договор со донаторот) кои ќе го потврдат приемот и ќе ја дефинираат вредноста и сопственоста на опремата како основ за евидентирање во сметководствената евиденција, ревизијата се воздржа од давање мислење во однос на искажаните позиции во Билансот на состојбата на ден 31.12.2009 година.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 3.1.1. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ОУ „Гоце Делчев”- Центар Скопје, сметка на расходи на буџет на дотации, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 3.1.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОУ „Гоце Делчев”- Центар Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и корегирани состојби во Билансот на состојба, од страна на ОУ„Гоце Делчев”- Ценатар, Скопје**

Во периодот на вршење на ревизијата, на предлог на ревизијата ОУ„Гоце Делчев” Центар, Скопје изврши корекција во Билансот на состојба на позицијата материјални средства и извори на капитални средства. Корекциите се однесуваат за капитални инвестици кои ја зголемуваат вредноста на зградата за направена реконструкција на објектот во вкупен износ од 202 илјади денари, финансирана од Холандскиот грант кој се води на сметка 785 - буџет од донации. Корекцијата е спорведена на оваа сметка каде се води евиденцијата на материјалните средства – градежни објекти, со НЗК бр. 45 од 29.10.2010 година.
Исто така направена е корекција за незатворена обврска за плата за месец декември 2008 година, која е исплатена во 2009 година, но за истата не е спроведено книжење во износ од 899 илјади денари. Корекција е спроведена со НЗК бр. 46 од 29.10.2010 година.

Скопје, 23.12. 2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | | 2009 | | 2008 |
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | | 14.449 | | 13.198 |
| **Вкупно приходи** | | **14.449** | | **13.198** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 12.161 | | 11.387 |
| Стоки и услуги | | 2.288 | | 1.811 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **14.449** | | **13.198** |
| **Вкупно расходи** | | **14.449** | | **13.198** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 147 | 1.255 |
| **Вкупно тековни средства** | **147** | **1.255** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 15.597 | 10.742 |
| **Вкупно постојани средства** | **15.597** | **10.742** |
| **Вкупна актива** | **15.744** | **11.997** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 147 | 356 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 899 |
| **Вкупно тековни обврски** | **147** | **1.255** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 15.597 | 10.742 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **15.597** | **10.742** |
| **Вкупна пасива** | **15.744** | **11.997** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **10.742** | | **10.742** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **6.203** | **11** | **6.214** |
| Набавки | 4.975 | 11 | **4.986** |
| Корекции спроведени од стрна на ревизијата | 202 | - | **202** |
| Ревалоризација на капитални средства | 1.026 | - | **1.026** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.348** | **11** | **1.359** |
| Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар | - | 11 | **11** |
| расходување со попис | 83 | - | **83** |
| Амортизација | 1.265 | - | **1.265** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **15.597** | - | **15.597** |